# ЕКОНОМСКИ ПРИРАЧНИК

со корисни информации
за иселениците од
Северна Македонија
(практичен водич)

Агенција за иселеништво на
Република Северна Македонија

Скопје 2021

# СОДРЖИНА

00 ВОВЕД 05

01 МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА 06

02 ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВА ФИРМА 18

03 РЕГИСТРИРАЊЕ НА ТРГОВСКА МАРКА 28

Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија

# ВОВЕД



Во согласност со надлежноста на Агенцијата за иселеништво да се грижи за положбата, правата и интересите на иселеништвото од Македонија, изготвен е овој економски прирачник наменет за иселениците. Од исклучителна важност е континуирано да се работи на подобрување на комуникацијата и информирањето за сите битни прашања од економскиот, општествениот и политичкиот живот во Република Северна Македонија, но и во остварувања на правата кои вам, иселениците од Македонија, ви припаѓаат во Република Северна Македонија. Тоа е и еден од битните предуслови за ваше активно вклучување во економскиот и општествениот живот на Република Северна Македонија.

Прирачникот е конципиран во три области на интерес, така што за секоја област има основни информации, а на крајот на секоја област се дадени и податоци за контакт со надлежните институции кои учествуваат во спроведување на процедурите. Во прирачникот ќе најдете информации од следните области:

- можности за финансиска поддршка од државата
- постапка за регистрација на нова фирма
- регистрирање на трговска марка.

Искрено се надеваме дека во овој прирачник ќе најдете корисни информации, кои ќе ја олеснат вашата комуникација со државните институции и ќе помогнат на сегашните и потенцијалните идни инвеститори.

На крај Агенцијата за иселеништво ве повикува на поинтензивна соработка и давање на предлози и сугестии од ваша страна за подобрување на содржината на овој прирачник и унапредување на нашата понатамошна соработка.

***Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија***

# 01

МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИСКА

ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА





**ПРВ ДЕЛ**

## МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА

Повеќе државни институции нудат финансиска поддршка за претпријатија. Во овој дел од економскиот прирачник ќе ги објасниме можностите за финансиска поддршка согласно со Законот за финансиска поддршка на инвестиции и ќе укажеме на поважните видови поддршка од Министерството за економија и Фондот за иновации и технолошки развој, како и на поволностите кои се нудат за инвестирање во технолошко-индустриските развојни зони. За да бидете во тек со актуелните активни повици за финансиска поддршка од повеќе институции следете ги информациите на следниов линк https://konkurentnost.mk/index.php/finansii/.

## ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Согласно со Законот за финансиска поддршка на инвестиции (Службен весник на РМ бр.83/2018, Служ. весник на РСМ бр.98/2019 и Служ. весник на РСМ бр.124/2019 и Сл. Весник на РСМ бр.178/2021)) деловните субјекти може да аплицираат за **финансиска поддршка за инвестиции и конкурентност.** Деловниот субјект може да поднесе барање за склучување на договор за финансиска поддршка за повеќе видови финансиска поддршка за инвестиции и конкурентност.

**Видови финансиска поддршка за инвестиции и конкурентност се:**

а) поддршка за нови вработувања;
б) поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;
в) поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;

г) поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;
д) поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи;
ѓ) поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии и
е) поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот.

## Корисници на финансиска поддршка се деловни субјекти:

- » кои започнале продуктивна почетна инвестиција;
- » кои оствариле пораст на вкупни приходи од работењето во последната година во однос на просекот од претходните три години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка и
- » кај кои просечниот број на вработени во последната година во однос на просекот од претходните три години не бил намален за повеќе од 5% или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка.

Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и новоформирани деловни субјекти кои започнале продуктивна почетна инвестиција, како и деловните субјекти од кожарско-преработувачката и текстилната индустрија кои започнале продуктивна почетна инвестиција и кои оствариле пораст на вкупни приходи од работењето во последната година во однос на просекот од претходните три години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка. Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и деловните субјекти кои вршат дејности поврзани со наменско производство (вооружување и воена опрема).



Економски прирачник

## Постапка за доделување на финансиска поддршка

За доделување на финансиска поддршка согласно со овој закон, деловниот субјект најдоцна до 31 мај во тековната година поднесува барање за доделување на финансиска поддршка до надлежните органи. Кон барањето се доставува писмо на намери, деловен план за инвестициски проекти и финансиски извештај за последните три години или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е основан или започнал со дејност. **Надлежни органи** за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка се Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Барањето за користење на финансиска поддршка се испраќа до АСИПИ - Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот за **инвестициски проекти надвор од технолошко-индустриските развојни зони.** Контакт информации: АСИПИ, ул. „Никола Вапцаров“ бр. 7, 1000, Скопје, веб-страница: https://investnorthmacedonia.gov.mk/ контакт тел.: +389 (0)2 3100 111 e-mail: info@invest.gov.mk

Барањето за користење на финансиска поддршка се испраќа до ДТИРЗ - Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за **инвестициски проекти во технолошко-индустриските развојни зони**. Контакт информации: ДТИРЗ, бул. „Партизански одреди“ бр. 2, 1000, Скопје, веб-страница: http://fez.gov.mk/, контакт тел.: +389 (0)2 311 11 66 e-mail: info@fez.gov.mk

Постапката за доделување на финансиска поддршка е објаснета во правилниците на следниот линк http://www.economy.gov.mk/doc/2362.

## Финансиска поддршка за инвестиции и конкурентност

### 1. Поддршка за нови вработувања

Се доделува за нови вработувања на државјани на Република Северна Македонија со полно работно време, за деловен субјект кој ќе исплаќа месечна нето-плата која е најмалку за 50% повисока од минималната нето-плата предвидена со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.
Деловниот субјект има право на финансиска поддршка во износ од 20% од исплатената месечна нето-плата за секое ново вработување во текот на претходната година, за месеците за кои е исплатена нето-плата. Максималниот годишен износ на финансиска поддршка кој може да се додели за едно ново вработување изнесува 4.400 евра. Финансиската поддршка не може да се исплаќа за временски период подолг од пет години.

### 2. Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија

Се однесува на деловни субјекти кои вршат дејност во технолошко-индустриските развојни зони и кои ќе набават и вградат производи од добавувачи во крајниот производ наменет за извоз. Финансиската поддршка изнесува 10% од вредноста на вкупно извршените набавки на производи од добавувачи што се вградуваат во производот на корисникот на финансиската поддршка во претходната година, под услов вкупните набавки од добавувачи да бидат најмалку 7,5% од вкупните набавки на корисникот на финансиска поддршка во претходната година.
Максималниот годишен износ на финансиската поддршка не може да изнесува повеќе од 300.000 евра. Финансиската поддршка не може да се исплаќа за временски период подолг од пет години.



Економски прирачник

### 3. Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување

Се доделува за воспоставување на одделенија, центри или друг облик на организациска структура, во кои се реализираат одржливи истражувачки и развојни проекти и/или се ангажира висококвалификуван персонал со цел стекнување нови знаења и вештини за развој на нови производи, производни процеси и услуги, или за значително подобрување на постојните производи, производните процеси и услуги во производните дејности со исклучок на прототипи.
Оправдани инвестициски трошоци се:

- » персонални трошоци (истражувачи, техничари и друг кадар за поддршка, вработени или ангажирани на проектот за истражување) до степенот до кој персоналот е вработен или ангажиран за потребите на истражувачкиот проект;
- » трошоци за инструменти, нови машини и опрема кои се користат за потребите на истражувачкиот проект, до степенот до кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект;
- » трошоци за згради и земјиште на кое ќе се воспостави организационен облик за технолошки развој, до степенот до кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект;
- » трошоци за договорно истражување, техничко знаење и патенти купени или лиценцирани од страна на надворешни извори, по пазарни цени, како и трошоци за консултантски и еквивалентни услуги кои исклучиво се користат за истражувачките активности;
- » дополнителни трошоци настанати директно како резултат на истражувачки проекти и
- » други оперативни трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за материјали, набавки и слични производи настанати директно како резултат на истражувачката дејност.

Финансиската поддршка изнесува 50% од вкупните оправдани инвестициски трошоци за индустриско истражување, но не повеќе од 1.000.000 евра. Финансиската поддршка се исплаќа за временски период не подолг од пет години.

## 4. Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес

Инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Северна Македонија се: инвестициски проекти чии оправдани инвестициски трошоци изнесуваат најмалку 4.000.000 евра и во рамки на кои се создаваат најмалку 300 нови работни места или инвестициски проекти чии оправдани инвестициски трошоци изнесуваат најмалку 15.000.000 евра. Финансиската поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Северна Македонија се состои од:

а) исплата на средства во висина на платениот данок на личен доход од платите на нововработените лица државјани на Република Северна Македонија, почнувајќи од датумот на почеток на инвестицискиот проект; Финансиската поддршка се остварува на годишно ниво во времетраење до 10 години..

б) исплата на средства во висина на платениот данок на добивка, кој произлегува исклучиво од активностите во рамки на инвестицискиот проект; Финансиската поддршка се остварува на годишно ниво во времетраење до 10 години.

в) парични средства во износ до 10% од оправданите инвестициски трошоци (материјални и нематеријални средства) реализирани во рамки на инвестицискиот проект, но не повеќе од 1.000.000 евра годишно; Финансиската поддршка се остварува на годишно ниво за период од пет години. За продуктивни почетни инвестиции на деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, износот на финансиската поддршка се зголемува за 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра на годишно ниво. Државјаните на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на





поднесувањето на барањето, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка.

г) исплата на парични средства за секое новоприработено лице за кое е континуирано исплатена нето-плата повисока за најмалку 50% од висината на минималната нето-плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија. Финансиската поддршка се исплаќа еднократно за секое ново создадено работно место на годишно ниво за период од пет години.

## 5. Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи

Поддршка за деловни субјекти кои реализираат почетни или дополнителни инвестициски вложувања за набавка на нови машини и опрема и/или за инвестиции во објекти и земјиште неопходни за дејноста на корисникот во рамките на инвестицискиот проект, како и за нематеријални средства. Максималниот годишен износ на финансиската поддршка изнесува 10% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност. Финансиската поддршка ќе се исплаќа на годишно ниво, но не подолго од пет години. За продуктивни почетни инвестиции на деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, износот на финансиската поддршка се зголемува за 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра на годишно ниво. Државјаните на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка

### 6. Поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии

Се доделува на деловни субјекти кои ќе преземат други деловни субјекти во потешкотии и кои ќе започнат продуктивна почетна инвестиција. Максималниот износ на финансиската поддршка ќе изнесува 10% од трошоците за преземање на деловниот субјект во потешкотии, но не повеќе од 1.000.000 евра. Финансиската поддршка се исплаќа еднократно во рок од 12 месеци сметано од денот на преземање на деловниот субјект во потешкотии. За продуктивни почетни инвестиции на деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, износот на финансиската поддршка се зголемува за 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра на годишно ниво. Државјаните на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка.

### 7. Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот

Се доделува за остварен пораст на приходи од работење. Максималниот годишен износ на финансиска поддршка изнесува 10% од оправданите инвестициски трошоци но не повеќе од 1.000.000 евра. Финансиската поддршка ќе се исплаќа на годишно ниво, но не подолго од пет години. За продуктивни почетни инвестиции на деловни субјекти основани





од државјани на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, износот на финансиската поддршка се зголемува за 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра на годишно ниво. Државјаните на Република Северна Македонија, кои што имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија, во период од најмалку пет години до денот на поднесувањето на барањето, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка.

## ПОДДРШКА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија ги нуди следните видови на поддршка:

- поддршка за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија
- кофинансирање на специјализирани длабински технолошки обуки
- поддршка на занаетчиско производство и занаетчиски услуги
- поддршка на проекти од кластерските здруженија
- финансиска поддршка за воведување, сертификација, одржување и модификација на ИСО, ХАЛАЛ и HACCP системи
- финансиска поддршка за женско претприемништво.

Контакт информации:
Министерство за економија: ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, 1000 Скопје
контакт тел.: +389 2 3085 347, веб-страница: http://www.economy.gov.mk/, e-mail: info@economy.gov.mk

# УСЛУГИ ДОСТАПНИ ПРЕКУ ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Фондот за иновации и технолошки развој ги нуди следните услуги преку Програма за поддршка преку „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“ финансиран преку заем од Светската Банка:

- » Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“
- » Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации
- » Кофинансирани грантови за технолошка екстензија
- » Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции во деловно технолошки акцелератори*:*

Инструменти за финансиска поддршка во Програма за поддршка преку столб 3 (три) од планот за економски раст:

- » Кофинансирани грантови за технолошки развој
- » Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста
- » Кофинансирани грантови за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица

Контакт информации:

Фонд за иновации и технолошки развој: ул. „ГТЦ“, локал 6, Д.Е. 220, 1000 Скопје контакт телефон: + 389 (0) 2 314 5258, веб-страница: http://www.fitr.mk/, e-mail: info@fitr.mk

# ПОВОЛНОСТИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ ВО ТЕХНОЛОШКО-ИНДУСТРИСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во име на Владата на Република Северна Македонија, управува со технолошко-индустриските развојни зони во Република Северна Македонија. Владата на Република Северна Македонија има основано четиринаесет технолошко-индустриски развојни зони кои се наоѓаат во различна фаза на изградба.





Технолошко- индустриските развојни зони Скопје 1, Скопје 2 и Штип се целосно оперативни, додека за ТИРЗ Тетово е потпишан договор за јавно-приватно партнерство со меѓународна компанија.
Должност на Дирекцијата за ТИРЗ е да воспостави сервисен центар во секоја технолошко-индустриска развојна зона, преку кој административните одделенија на Дирекцијата за ТИРЗ и испоставите на Царинската управа на Република Северна Македонија пружаат административни консултации и услуги и ефикасно царинење за инвеститорите во Зоните. Инвеститорите во технолошко-индустриските развојни зони ги имаат следните поволности:

- » 10-годишно даночно ослободување – Инвеститорите во ТИРЗ имаат право на 10-годишно ослободување од плаќање на данок за добивка и корпоративен данок и 100% намалување на персоналниот данок на доход за период до 10 години. Инвеститорите се ослободени од плаќање данок на додадена вредност за увоз и промет на стоки во слободните зони. Дополнително, инвеститорите се ослободени од плаќање на царински давачки за опрема, машини и резервни делови;
- » земјиштето во ТИРЗ се дава под долгорочен закуп на период до 99 години;
- » инвеститорите се ослободени од плаќање комунални такси;
- » бесплатен приклучок на гасоводна, водоводна и канализациона мрежа;
- » Владата на Република Северна Македонија може да го поддржи растот на капиталните инвестиции и приходите со поврат на 10% од инвестициските трошоци во нови машини и опрема, или инвестиции во објекти и земјиште до максимум €1 милион во период од 5 години.

*Контакт информации:*
ДТИРЗ: бул. „Партизански одреди“ бр. 2, 1000 Скопје,
веб-страница: http://fez.gov.mk/
контакт тел.: +389 (0)2 311 11 66

02

ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВА ФИРМА



ВТОР ДЕЛ

## ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА НОВА ФИРМА

Вториот дел од Економскиот прирачник, наменет за потребите на иселениците од Македонија, е од информативен карактер и во него се наведени правната регулатива за основање на бизнис, прописите кои ја уредуваат постапката - чекорите за регистрација на нова фирма, сопствен бизнис и надлежни институции.
Агенцијата за иселеништво вложи напори да обезбеди точни и доследни податоци за сегашните и потенцијални инвеститори кои ќе им користат и ќе им помогнат во сите циклуси и фази од инвестирање и водење бизнис во Република Северна Македонија.
Овој прирачник е изработен и на албански јазик, за да се олесни неговата употребаза иселениците од албанско етничко потекло.

## ОСНОВАЊЕ НА БИЗНИС

Како надлежна институција за започнување и регистрација на сопствен бизнис во земјава е Централниот регистар (www.crm.com.mk).
Исто така значајни институции кои ја креираат инвестиционата политика во земјата се Министерството за економија (Сектор за поттикнување на инвестиции), Агенција за странски инвестиции, Агенција за поддршка на претприемаштвото и Агенција за хартии од вредност.
Во рамките на Централниот регистар се врши регистрација на фирма и само за еден ден може да се регистрира едно од следните трговски друштва:

- трговец поединец,
- јавно трговско друштво,
- друштво со ограничена одговорност ДОО,
- друштво со ограничена одговорност на едно лице ДООЕЛ
- акционерско друштво,
- командитно друштво.

## Што треба да знаете:

Друштво се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи, кој договор може да го склучат лично или преку полномошник, со полномошно заверено на нотар.

Ако друштвото го основа едно лице, наместо договор потребна е само изјава на основачот за основање на друштвото, која изјава се заверува на нотар.

Пријавата за упис на основање на друштво ја поднесува управителот, односно управителот овластен од другите управители ако друштвото има повеќе управители.

## Основање на трговско друштво

### 1. Име на компанијата

За да регистрирате ДООЕЛ или ДОО, прво што треба да направите е да одредите назив (име) на трговското друштво што сакате да го регистрирате, под кое ќе се појави во правната трансакција за претходна проверка во Централниот регистар, дали таков назив веќе постои.

Проверката се прави на еден од шалтерите во Централен регистар на Република Северна Македонија.

### 2. Основачки удел

Согласно со Законот за трговските друштва за да регистрирате ДООЕЛ или ДОО потребно е да обезбедите минимален основачки капитал за компанија, во износ од 5000 евра во денарска противвредност, што може да се плати во готово (парични средства) или непаричен (во основни средства).

Доколку се работи за паричен влог се врши уплата на депозитна сметка во банката каде се отвора првата сметка и кои пари се префрлаат на сметката на компанијата и можат да се користат за работење.





Парите можат да се исплатат веднаш или во рок од 1 година од основањето на друштвото, така што доколку се платат во рок од една година постои друга постапка за евидентирање на уплатата. Доколку се работи за непаричен влог се врши проценка од овластен судски проценител кој изготвува извештај за проценка на предмети вложени за основање на трговското друштво.

### 3. АКТ - Договор за основање трговско друштво

Во случајот на ДООЕЛ тој акт се заменува со изјава за основање на трговско друштво ДООЕЛ. Договорот треба да ги содржи следните податоци:

1) фирмата и седиштето на друштвото;
2) предметот на работењето на друштвото (главен бизнис);
3) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако содружникот е правно лице;
4) износот на основната главнина;
5) денот на склучувањето на договорот за друштвото, односно денот на потпишувањето на изјавата за основање на друштвото;
6) времетраењето на друштвото ако тоа е определено со договорот за друштвото или со изјавата за основање на друштвото;
7) името и презимето на управителот, на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган за надзор, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;
8) овластувањето за застапување на друштвото и
9) интернет страница ако друштвото има ваква страница.

## 4. Изјава

Должност е да пополните изјава согласно со Законот за трговски друштва.
Во изјавата треба да наведете дека не постојат ограничувања за основање на трговско друштво односно:

- » не постои правосилна судска одлука со која е утврдено дека со умисла е предизвикан стечај;
- » не е во тек стечајна постапка;
- » не постојат обврски по основ на неплатени даноци и придонеси;
- » не сте содружник или член во орган на управување во друштво чија сметка е блокирана и
- » не постојат други ограничувања содржани во Законот за трговски друштва или друг закон за основање на трговско друштво.

Во изјавата треба да ги наведете и извршените дејствија со цел правилно да се основа трговското друштво и да потврдите дека друштвото сте го основале во согласност со Законот и податоците содржани во прилозите кои што ги поднесувате кон пријавата за упис на основањето во трговскиот регистар се вистинити и се во согласност со Законот. Во договорот за друштвото се внесува фирмата, називот, односно името на лицето кое го внесува непаричниот влог, деталèн опис на непаричниот влог и неговата проценета вредност изразена во пари. Овластениот проценител изработува извештај за проценетата вредност на непаричниот влог. Согласно со Законот секој управител на друштвото дава изјава заверена кај нотар дека го прифаќа изборот.

- » Договор за утврдување и спроведување на непаричен влог - Изјава и
- » Изјава за сопственост- Полномошно





## 5. Банка во Република Северна Македонија

Потребно е писмо за намера за отворање на прва сметка во банка. Писмото се зема од банка по ваш избор (Банки во Република Северна Македонија). На шалтер во банката која сте ја избрале може да дадете еден од документите на кој го има називот на трговското друштво што се регистрира и да побарате писмо за намера за отворање на жиро-сметка. Тоа ќе го добиете веднаш без паричен надомест.

## 6. Пополнување на потребни обрасци

Се пополнуваат: образец ЗП (заверен потпис) и образец ПО (пријава за упис на основање на субјект во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица). Обрасците може да се преземат од интернет страницата на Централен регистар (www.crm.org.mk).

Образецот ПО се пополнува електронски или на машина за пишување, јасно и читливо без примена на непознати кратенки, прецртување, бришење и додавање. Пополнетиот образец не смее да се пречукува и препечатува.

*Реден број 1* – се внесуваат податоци за лицето кое ќе ја достави пријавата во Централен регистар. Пријавата може да ја достави управителот како овластено лице или полномошник кој има полномошно од управителот заверено на нотар.

*Реден број 2.1* – се означува видот на трговското друштво дали е ДООЕЛ или ДОО согласно со тоа што е запишано во актот за основање.

*Реден број 2.2* е за упис на субјект во регистарот на други правни лица и не треба да се пополнува.

*Реден број 3* – се испишува фирмата на трговското друштво. Видот на трговското друштво ДОО или ДООЕЛ и називот се испишуваат со големи букви и без наводници онака како што е напишано во

актот за основање, а останатиот текст на фирмата што упатува на дејноста и седиштето се испишуваат со мали букви.

*Реден број 4* – скратениот назив се испишува со големи букви како што е напишан во актот за основање.

*Реден број 5.1* – се испишува актот за основање трговско друштво. Во случајот на ДОО- договор за основање ДОО; а во случајот на ДООЕЛ- изјава за основање ДООЕЛ.

Реден број 5.2 се означува времетраењето на друштвото онака како што е напишано во актот за основање (доколку во актот за основање не е прецизирано се смета дека друштвото е со неограничено времетраење).

*Реден број 6* – се испишува адресата на која се наоѓа трговското друштво.

*Реден број 7* – се испишува колку изнесува паричниот влог, колку изнесува непаричниот влог (според извештајот за проценка на предмети вложени за основање на трговското друштво) и колку вкупно изнесува паричниот и непаричниот влог. Другите полиња не се пополнуваат.

*Реден број 8* – се испишуваат податоци за основачите на трговското друштво (основачи може да бидат едно или повеќе физички и правни лица) и влогот што го внеле во друштвото.

*Реден број 9.1* – се означува полето управител(и), се испишуваат податоци за управителот и се означува овластувањето.

*Реден број 9.2* не се пополнува бидејќи се однесува на субјекти кои вршат упис во регистарот на други правни лица.

*Реден број 10* – може само да се означи полето дека ќе се вршат сите дејности утврдени со Националната класификација на дејности или да се испишат дејностите кои ќе бидат предмет на работа





согласно со Националната класификација на дејности.

*Реден број 11* – полето се означува доколку со актот е определено дека трговското друштво ќе врши работа во надворешниот промет.

*Реден број 12* – не се испишува бидејќи се однесува на субјекти кои вршат упис во регистарот на други правни лица.

*Реден број 13* – се испишува доколку трговското друштво склучило договор со прокурист и се испишуваат податоци за прокуристот (прокуристот може да склучува договори и да ги врши сите правни работи и дејствија во име и за сметка на трговското друштво).

*Реден број 14* – се испишува само доколку трговското друштво има подружница.

*Реден број 15* – се испишува претежна дејност под шифра и назив определени со Националната класификација на дејности.

*Реден број 16* – се испишува банката од која е земено писмо за намера.

*Реден број 17* – се испишуваат податоци за трговското друштво (телефон, факс, интернет адреса).

*Реден број 18* – се означуваат полињата: ЗП образец; изјава согласно со член 29 од ЗТД; акт за основање; фотокопија од документ за идентификација; изјава согласно со член 32 од ЗТД; извештај од проценувач; одлука за избор на управител; изјава на управителот дека го прифаќа изборот; доказ за уплатен надоместок согласно со тарифата на Централен регистар.

*Реден број 19* – се означува полето во зависност од тоа дали решението за регистрација на трговското друштво ќе се земе од Централен регистар или ќе се достави по пошта.

*Реден број 20* – се испишуваат податоци за управителот. Управителот се потпишува на сите страници од образецот. Доколку

има дополнителни страници се означува полето за дополнителни страници и се испишува бројот на страницата.

## 7. Заверка на нотар

Заверка се врши на актот (договорот) за основање трговско друштво, образецот ЗП, полномошното и на изјавите согласно со Законот за трговски друштва. Заверката се наплаќа 200 денари од документ.

## 8. Основачи на друштвото

Ако основач е физичко лице потребно е фотокопија од пасош или од лична карта за идентификација или друга исправа ако се работи за странец заради утврдување на идентитетот - важечка во неговата земја. Ако основачот е правно лице, извадок од трговскиот регистар (регистрација).

## 9. Поднесување документи во Централен регистар

Управителот на друштвото со ограничена одговорност лично или лицето што има полномошно ги предава документите во Централен регистар.

Покрај образецот за упис како прилози се поднесуваат: ЗП образец (види точка 6); изјава (види точка 4); акт за основање (види точка 3); фотокопија од документ за идентификација; изјава согласно со член 32 од ЗТД (види точка 4); извештај од проценувач, доколку има непаричен влог (види точка 2); доказ за уплатена основна главнина, доколку има паричен влог (види точка 2); одлука за избор на управител (види точка 4); изјава на управителот дека го прифаќа изборот (види точка 4); доказ за уплатен надоместок согласно со тарифата на Централен регистар; полномошно, доколку има полномошник (види точка 4).





## 10. Проверка за извршен упис во Централниот регистар

По три дена може да извршите проверка за упис на друштвото на интернет страницата www.crm.com.mk во делот последни објави.

Преку едношалтерскиот систем за регистрација, се обезбедува:

- » определување и доделување на единствен матичен број на субјектот на упис и определување на шифра и назив на регистрираната претежна дејност според Националната класификација на дејности и шифра на организационен облик на субјектот на упис
- » внесување на единствен даночен број
- » внесување на сметка од деловна банка по избор на субјектот на упис
- » известување на Царинска управа за субјектите кои што имаат регистрирано дејност во надворешен промет.

## 11. Подигнување на регистрација

Откако е завршена регистрацијата документите ги подигнувате од Централен регистар. Документите може да ги подигне овластен полномошник или управителот лично.

*Контакт информации:*
Централен регистар: бул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, веб-страница: www.crm.com.mk
Контакт телефон: +389 2 3288-100

0

РЕГИСТРИРАЊЕ НА ТРГОВСКА МАРКА



ТРЕТ ДЕЛ

# РЕГИСТРИРАЊЕ НА ТРГОВСКА МАРКА

Во третиот дел од економскиот прирачник ќе добиете основни информации за регистрирање на трговска марка согласно со Законот за индустриска сопственост. Надлежна институција за вршење на работите во врска со стекнувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост е Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија. На интернет страницата на Државниот завод (http://www.ippo.gov.mk) може да ги пребарувате националните бази на податоци за патенти, трговски марки и индустриски дизајн.

## Што претставува трговска марка и кои знаци можат да се регистрираат како трговска марка

Трговска марка е стоковен или услужен жиг, со кој се штити знак кој во прометот е наменет за разликување на стоки, односно услуги од ист или сличен вид.

Со трговска марка можат да се заштитат следниве знаци: слика, цртеж, збор, израз, вињета, шифра, комбинации на знаци, комбинации на бои, релјеф и фигура.

## Кој може да пријави трговска марка

Трговска марка може да пријави домашно и странско правно и физичко лице.

Домашните правни и физички лица можат сами непосредно да ги преземаат сите дејствија пред Заводот за заштита на индустриска сопственост, односно преку овластени лица регистрирани за застапување во областа на заштитата на индустриската сопственост, додека странските правни и физички лица задолжително треба да ангажираат застапник.

## Каде се поднесува пријава за признавање на право на трговска марка

Трговските марки се пријавуваат за точно определени производи или услуги кои се во корелација со дејноста на подносителот на пријавата и се означени според Меѓународната класификација на производи и услуги (вкупно 45 класи, од кои 34 се класи на производи и 11 класи на услуги).

Постапката е целосно регулирана со Законот за индустриска сопственост и започнува со поднесување на барање-пријава.

Пополнувањето на пријавата на трговската марка бара одредена стручност и затоа се препорачува подносителот на пријавата да ангажира професионален советник-застапник од редот на регистрираните застапници во Заводот за заштита на индустриска сопственост.

Постапката пред Заводот е следна:
Заводот испитува дали пријавата е уредна, односно дали ги содржи сите законски елементи и прилози, за потоа да испита дали има услови за признавање на правото.

## Што претставува Регистар на трговски марки

Признаеното право на трговска марка се запишува во Регистарот на трговски марки и се објавува во службеното гласило на Заводот.

На носителот на правото на трговска марка, Заводот му издава исправа најдоцна во рок од шест месеци од датумот на донесувањето на решението за признавање на правото на трговска марка.



Економски прирачник

Подетални информации во врска со постапката за признавање на правото на трговска марка може да добиете на интернет страницата www.ippo.gov.mk/.

*Контакт информации:*

Државен завод за индустриска сопственост: булевар „11 Октомври“ бр.25, 1000 Скопје; веб-страница: www.ippo.gov.mk, e-mail: info@ippo.gov.mk
контакт телефон: +389 2 3103 601 (641), Факс: +389 2 3137 149

## Издавач

Агенција за иселеништво на Република
Северна Македонија

## За издавачот

Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија ги врши работите и задачите кои се однесуваат на положбата и правата на иселениците, помагањето на нивниот културен развој и унапредувањето на врските со нив и нивните организации, запознавањето на иселениците со состојбата во земјата, создавањето услови за враќање на иселениците во земјата и создавање услови за вклучување на иселениците во јавниот и економскиот живот и други работи утврдени со закон.

## Текстот го припремил:

Секторот за правни, економски работи и реинтеграција на иселеници

## Техничка обработка:

Агенција за иселеништво, Друштво за маркетинг, трговија и услуги АД
ВЕЛЈУ ДООЕЛ Скопје

## Тираж

400

Агенција за иселеништво на Република
Северна Македонија Скопје, ноември 2021 година